**Одборот за доделување на државната награда „11 Октомври” распишува**

**К О Н К У Р С**

**за доделување на државната награда „11 Октомври” во 2011 година**

Со државната награда „11 Октомври” се оддава највисоко признание за животно дело во областа на науката, уметноста, стопанството и во другите дејности од јавен интерес.

Државната награда „11 Октомври”, по правило, се доделува секоја година.

Државната награда се доделува на поединци, групи творци, екипи, установи, трговски друштва и здруженија на граѓани од земјава.

Државната награда, под условите определени во конкурсот, може да се додели и на странски државјани, групи творци, екипи и институции од странство.

На награден поединец му се доделуваат: диплома, плакета и паричен износ.

На секој член на наградена група творци или екипа му се доделуваат: диплома, плакета и еднаков дел од паричниот износ.

На наградена установа, трговско друштво или здружение на граѓани им се доделуваат: диплома и плакета.

Паричниот износ на државната награда „11 Октомври” изнесува петнаесет (15) просечни месечни плати во Република Македонија исплатени во последните три месеци во тековната година.

**Во една година може да се доделат најмногу пет (5) награди.**

Иницијатива за доделување на државната награда „11 Октомври” може да поднесат: установи, трговски друштва, здруженија на граѓани и граѓани.

Подносителите на иницијатива за доделување на државната награда треба подробно да ја образложат иницијативата. Во текстот треба да се содржани и: прецизни биографски податоци, точна адреса на живеење (улица, број, место, град, држава), податоци за остварените резултати во областа во којашто е постигнато остварувањето и други податоци за кои се смета дека ќе придонесат во оценувањето.

Подносителот на иницијативата мора да ги наведе своето целосно име и презиме, назив, фирма, адреса и телефон.

Текстот на иницијативата (комплетиран) треба да се достави во 20 примероци, а трудови, книги, публикации и сл. се третираат како прилози и треба да се доставаат во еден  примерок.

**Иницијативите треба да се достават на следнава адреса:**

Министерство за култура на Република Македонија - Одбор за доделување на државната награда „11 Октомври”, ул.„Ѓуро Ѓаковиќ” бр. 61 - Скопје, Република Македонија.

**Конкурсот трае од 1.5. до 31.5.2011 година.**

Некомплетните иницијативи и иницијативите и прилозите (трудови, книги, публикации и сл.) доставени по утврдениот рок за прием по конкурсот нема да бидат разгледувани.

**Одбор за доделување на**

**државната награда „11 Октомври”**